3-И-0740-101_01-1
АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
Подружница „ЕНЕРГЕТИКА" - Скопје
16-та Македонска бригада бр.18, 1000 Скопје,п.фах 734, Р. Северна Македонија

Врз основа на член 23 став 10 од Законот за јавни набавки (Сл.Весник 24/19)
АД ЕСМ подружница Енергетика Скопје, објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК бр. 01/Q3- 2026**

**за прибирање на понуди за набавка на природен гас**

Акционерско друштво за производство на електрична енергија, ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Подружница ЕНЕРГЕТИКА - Скопје
Бр. 11-1034/3
12.06.2026 год.
СКОПЈЕ

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1 Договорен орган по Јавен повик бр.01/Q3-2026 е:

- АД ЕСМ Подружница Енергетика Скопје, со седиште на ул. 16-та Македонска бригада бр.18 Скопје - Гази Баба, EIC код 33XADELEMSKOPJEI.

1.2 Предмет на набавка е **природен гас** со следните технички карактеристики:

**Хемиски состав, mol %**

| | |
|---|---|
| Метан (C1) | минимум 75 |
| Азот (N2) | максимум 6 |
| Јаглерод диоксид (CO2) | максимум 3 |

**Бруто (горна)калориска вредност**
Максимална 13,67 kWh/m3
Минимум 10,17 kWh/m3

**Вобе индекс**
Максимална 16,33 kWh/m3
Минимум 13,07 kWh/m3

**Точка на росење на водата**
Не повисока од минус 8 степени Целзиусови при притисок од 39,2barg

**Температура на природен гас**
од +0$^o$ C до +50$^o$ C

Горенаведените референтни услови за температура, притисок и влажност што треба да се користат за мерење и пресметки на природен гас се 273,15 K (=0 °C) и 101,325 kPa (=1,01325 бари(апсолутен)) за вистински сув гас.

1.3 Продавачот е должен да достави Сертификат за квалитет на природен гас на прекугранична излезна точка ГМС Ќустендил/ Жидилово најдоцна до 10 работни дена по завршување на месецот на испорака.

1.4 Период на набавката **од 01.07.2026 (06:00h CET) до 01.10.2026 (06:00h CET)**, во количини од:

Табела 1

| Лот | Период | | Дневен ранг | | Минимални количини MWh |
|---|---|---|---|---|---|
| | од (06:00h CET) | до (06:00h CET) | од | до | |
| Лот 1 | 01.07.2026 | 01.08.2026 | 0 | 300 | 1.500 |
| Лот 2 | 01.08.2026 | 01.09.2026 | 0 | 300 | 1.500 |
| Лот 3 | 01.09.2026 | 01.10.2026 | 0 | 300 | 1.000 |

1.5 Бараните количини на испорака се со флексибилен датум, со можност за еднодневни еднократни испораки, согласно наведениот ранг.

1.6 Купувачот авансно ги плаќа минималните месечни количини, на датумот на плаќање одреден во табела 2.

1.7 Точка на испорака: главна мерна станица (ГМС) Жидилово.

1.8 Финансиско обезбедување на понудата: Понудувачот е должен да достави банкарска гаранција/ депозит заедно со Понудата во висина од 6.000,00 ЕУР доколку се доставува понуда за сите три лота или 4.000,00 ЕУР за два лота, односно 2.000,00 ЕУР за еден лот, во денарска противвредност пресметана по среден курс на НБРСМ на денот на уплатата доколку депозитот се уплаќа во денари.

1.8.1 Доказот за уплатен депозит се доставува заедно со Понудата.

1.8.2 Депозитот се уплаќа на следната банкарска сметка:

- налогопримач: АД ЕСМ Подружница Енергетика Скопје
- MK07200001317827636 EUR, или 200001230502028 МКД,
- депонент на Стопанска Банка АД Скопје,
- IBAN MK07200001317827636 (EUR)
- SWIFT STOBMK2X
- депозит за обезбедување на понуда по Јавен Повик 01/Q3-2026.

1.8.3 Банкарската гаранција на понудата, треба да биде неотповиклива, безусловна, без право на приговор и наплатлива на прв повик.

1.8.4 Банкарската гаранција на понудата се доставува во електронска SWIFT форма заедно со Понудата.

1.8.5 Финансиското обезбедување на понудата е со важност до 19.06.2026 година и истото се враќа на Понудувачите најдоцна до 22.06.2026 година.

1.8.6 Финансиското обезбедување на понудата може да се наплати, односно трајно се задржуваат депонираните средства, доколку Понудувачот:

- ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- не го потпише договорот или
- не обезбеди Банкарска гаранција или депозит за квалитетно извршување на договорот.

1.9 Понудата **е делива по лотови, понудувачите може да доставаат понуда за секој Лот одделно**.

1.10 Повикот е јавен со право на учество на сите домашни и странски правни лица кои поседуваат валидни лиценци за трговија и снабдување со природен гас.

1.11 Рокот за доставување на првични понуди по Јавниот Повик бр.01/Q3-2026 е на **17.06.2026 година**, во период **од 09:00 до 09:30 часот (CET)** на е-маил адреса: anabela.tegovska@elem.com.mk

## 2. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

2.1 Понудата се доставува на Образец бр.1 даден во прилог на Јавен повик бр.01/Q3-2026.

2.2 Изјава од одговорното лице на понудувачот дека во целост ги прифаќа условите од Јавниот Повик бр.01/Q3-2026 и дека во цената се вкалкулирани сите царински давачки, такси и други дополнителни трошоци кои може да произлезат.

2.3 Со Понудата се доставува:

- Потпишан модел на договор
- Тековна состојба или соодветен документ издаден од надлежен орган
- Потврда за регистрирана дејност (образец ДРД) како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот по Јавниот Повик или валидна лиценца за трговија или снабдување со природен гас согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

2.4 Предмет на евалуација на понудите: **понудената маржа** изразена во апсолутна вредност ЕУР/MWh со 2 (две) децимални места.

2.5 Услови на плаќање: Купувачот ги плаќа минималните месечни количини на природен гас авансно, по доставена профактура од страна на продавачот. Плаќањето и доставувањето на профактурите ќе биде согласно календарот даден во табела бр.2:

Табела 2

| Лот | Период | Датум на доставување/плаќање |
|---|---|---|
| Лот 1 | 01.07-31.07.2026 | 26.06.2026 |
| Лот 2 | 01.08-31.08.2026 | 31.07.2026 |
| Лот 3 | 01.09-30.09.2026 | 27.08.2026 |

2.6 Цената на природниот гас се пресметува на следниов начин:

$$C = C_{TTF} + \text{маржа изразена во апсолутна вредност ЕУР/MWh}$$

C – цена по која економскиот оператор го продава природниот гас на купувачот

$C_{TTF}$ – цена на EEX TTF NATURAL GAS MONTH FUTURES постигната на:

- за Лот 1 на 25.06.2026,
- за Лот 2 на 30.07.2026 и
- за Лот 3 на 26.08.2026.

Како цена на EEX TTF NATURAL GAS MONTH FUTURES се зема цената од следниов линк: https://www.eex.com/en/market-data/market-data-hub

Со следниве опции во менито “advanced search”:

Commodity: Natural gas

Pricing: Futures

Area: TTF

Product: Physical

Maturity: Month

Delivery: **СЕ ИЗБИРА СООДВЕТНИОТ МЕСЕЦ !**

2.7 Износот во профактурата претставува производ од минималната количини за периодот ($K_p$) помножено со цената (C):

$$\mathbf{I_p = K_p * C}$$

Ip – износ на профактура

Kp – минимална количина за периодот

Минималната количина за периодот (Kp) преставува количник од минималната количина поделена со бројот на денови за кој се врши набавката (31 или 30 ден во зависност од бројот на денови во соодветниот месецот) помножено со бројот на денови во периодот за кој се издава профактурата:

$$\mathbf{K_p = (K / n_m) * n_p}$$

$\mathbf{K_p}$ – минимална количина за периодот

**K** – минимална количина

$\mathbf{n_m}$ – број на денови за кој се врши набавката

$\mathbf{n_p}$ – број на денови за периодот

2.8 Продавачот се обврзува во рок од 10 дена по истекот на месецот да достави конечни фактури, заедно со пресметка за номинираната/ потврдена количина и цена на природен гас.

2.9 Износот на конечната фактура ќе претставува производот на номинираната/ потврдена количина на природен гас за соодветниот месец ($K_m$) и цената на природниот гас (C), и се пресметува по следнава формула:

$$\mathbf{I = K_m * C}$$

каде што:

**I** – вкупен износ на конечната фактура

$\mathbf{K_m}$ – номинирани/ потврдена количини за месецот m

**C** – цена на природен гас од точка 2.6

2.10 Во случај на позитивна разлика помеѓу потврдените месечни номинации и платените минимални количини, финансиското порамнување ќе се изврши во конечната фактура за соодветниот месец.

2.11 Во случај на негативна разлика помеѓу потврдените месечни номинации и платените минимални количини, за непреземените количини до нивото на минимална месечна количина финансиското порамнување ќе се изврши во конечната фактура за соодветниот месец, при што повеќе платениот износ му се враќа на Купувачот, најдоцна до дваесет и првиот ден (21) во наредниот месец.

2.12 Пресметката на денарската противвредност на профактурата и конечната фактура ќе се врши по средниот курс на НБРСМ на датумот на издавање на профактурата/ конечната фактура.

2.13 Финансиско обезбедување за квалитетно извршување на договорот: Продавачот е должен најдоцна до 19.06.2026 година, до 13:00h CET, да достави банкарска гаранција/ депозит за квалитетно извршување на договорот за купопродажба на природен гас АД ЕСМ Подружница Енергетика Скопје, со важност од 01.07.2026 до 22.10.2026 година, на износ од 10.000 EUR, доколку се доставува понуда за сите три лота или 6.660 ЕУР за два лота, односно 3.330 ЕУР за еден лот во денарска противвредност пресметана по среден курс на НБРСМ на денот на вршење на плаќањето доколку депозитот се уплаќа во денари.

2.13.1 Доколку Понудувачот не достави банкарска гаранција/ депозит за квалитетно извршување на договорот до 19.06.2026, до 13:00 часот CET, Купувачот ќе ја реализира банкарската гаранција на Понудата, односно нема да го врати депозитот кој служи за обезбедување на Понудата.

2.13.2 Банкарската гаранција, треба да биде неотповиклива, безусловна, без право на приговор и наплатлива на прв повик.

2.13.3 Финансиското обезбедување за квалитетно извршување на договорот се враќа на Понудувачот :

- за Лот 1 најдоцна до 24.08.2026
- за Лот 2 најдоцна до 23.09.2026
- за Лот 3 најдоцна до 23.10.2026.

2.13.4 Финансиското обезбедување за квалитетно извршување на договорот ќе се наплати доколку Понудувачот не се придржува на условите од Договорот за купопродажба на природен гас.

2.14 Динамика на доставување на дневни номинации за потребни количини на природен гас: **Д-1**.

2.15 Понудувачите ќе ги сносат сите трошоци поврзани со подготовката и доставувањето на нивната понуда и Договорниот орган во ниеден случај нема да биде одговорен или должен за овие трошоци.

## 3. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

3.1 Понудите се доставуваат на еден од следниве начини:

- Скенирани оригинали, заверени со печат и потпис од одговорното лице на компанијата на следната е-маил адреса:

anabela.tegovska@elem.com.mk

- Електронски потпишани понуда и документи од овластено лице на компанијата на следната е-маил адреса: anabela.tegovska@elem.com.mk

## 4. ПОСТАПКА ЗА ОТВАРАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

4.1. Постапката за прием, отворање и евалуација на понудите ќе се одвива во 3 (три) круга:

- Првична понуда
- Подобрена понуда
- Конечна понуда

4.2. Првична понуда: доставување на 17***.06.2026 во период од 09:00 до 09:30 h (CET)*** на е-маил адреса anabela.tegovska@elem.com.mk

4.3. Подобрена понуда: доставување на ***17.06.2026 во период од 10:00 до 10:30 h (CET)*** на е-маил адреса anabela.tegovska@elem.com.mk

4.4. Конечна понуда: доставување на ***17.06.2026 во период од 10:50 до 11:20 h (CET)*** на е-маил адреса anabela.tegovska@elem.com.mk

4.5. Важност на понудата: понудата треба да е со важност најмалку до 19.06.2026 до 15:00 часот (CET).

4.6. Известување за избор на најповолна понуда, до понудувачите кои учествувале на јавниот повик бр.01/Q3-2026 ќе се достави најдоцна до 17.06.2026 до 16:00 часот (CET).

4.7. Потпишување на договор (модел на договор даден во прилог на Јавниот Повик) најдоцна до 19.06.2026 до 15:00 часот (CET).

4.8. Доколку се појават понуди со исти цени, ќе биде избрана понудата на економскиот оператор кој прв ја доставил понудата.

4.9. Во случај на неможност да се склучи договор со понудувачот со прворангирана понуда, се избира второрангираната понуда која ги исполнува условите наведени во овој Јавен Повик.

4.10. АД ЕСМ Подружница Енергетика Скопје го задржува правото да ја поништи постапката и да не изврши избор по Јавен повик бр.01/Q3-2026.

4.11. Понудувачите имаат право на увид во Извештајот од евалуација на понудите по Јавен Повик бр.01/Q3-2026 за набавка на природен гас.

4.12. За сите прашања во врска со Јавниот Повик бр. бр.01/Q3-2026 може да се обратите на e-mail: anabela.tegovska@elem.com.mk.

**АД ЕСМ ПОДРУЖНИЦА ЕНЕРГЕТИКА СКОПЈЕ**

**ДИРЕКТОР**

**Марјан Милошевски**

____________________________